ДО: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 01.08.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| УПП 03 | 19 | | |


**БАРАЊЕ** за постапување поради повреда на авторските права од страна на ЗАМП

Почитувани,

Врз основа на чл. 6, чл. 18 и чл. 25 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), Ве повикуваме да постапите согласно вашите законски надлежности во врска со утврдена повреда на авторските права од страна на Здружението за заштита на авторски музички права (ЗАМП).

Имено, Радио програмскиот сервис преку сателит и посебните радио програми - Радио Македонија, кое е дел од јавниот радиодифузен сервис МРТ, емитува авторски дела. МРТ има склучен договор со ЗАМП и редовно исплаќа надоместок за користење на авторски дела и доставува програми со емитувани дела вклучително и програмите со емитувани дела на Радио Македонија. Сепак, ЗАМП свесно и произволно одбива да ги земе предвид овие програми во пресметката и распределбата на надоместоците кон авторите во последните 2 години.

Таквата постапка од страна на ЗАМП е спротивна на член 3 од Законот за авторското право и сродните права (ЗАПСП), според кој **авторот, односно носителот на сродно право, има право на правичен надомест за секој вид користење на авторското дело**.

Посебно укажуваме на член 1-а од ЗАПСП според кој:

- **Став 1:** „Јавност, во смисла на овој закон опфаќа поголем број лица надвор од потесниот круг на роднини или лични познанства";
- **Став 2:** „Јавно користење означува секое користење на авторското дело, односно на предметот на сродните права, достапно на јавноста...".

Исто така, член 35 од ЗАПСП го дефинира **радиодифузното емитување** како:

„соопштување авторско дело преку радио и телевизиски програмски сигнали наменети за прием од јавноста, безжично, вклучувајќи сателит или жично, вклучувајќи кабелски, микробранов и друг систем".

Член 37 од ЗАПСП дополнително го утврдува правото на **ставање на располагање на јавноста**:

„е авторско дело да се соопшти на јавноста, безжично или жично, вклучувајќи интернет или други комуникациски мрежи, на начин којшто секому овозможува пристап кон делото, од место и во време што самиот го избира".

Во контекст на ЗААВМУ, член 63 утврдува дека:

- **„Емитување на радиопрограмски сервис може да се врши преку радиофреквенции, пренесен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс, јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит."**

Scanned by TapScanner

Овие одредби недвосмислено потврдуваат дека емитувањето преку интернет и сателит е рамноправно со секој друг вид емитување, а ЗАМП нема право да ги игнорира овие облици на јавност и јавно користење.

Дополнително, согласно дефинициите дадени во важечките закони:

- Член 3 од ЗААВМУ дефинира дека **емитување** е изворно предавање на програми во аналоген или дигитален вид, наменети за прием од страна на јавноста што се распространуваат преку терестријален предавател, јавна електронска комуникациска мрежа или сателит.
- Член 3 од Законот за радиодифузна дејност ја дефинира радиодифузната дејност како **емитување и пренос на радио и/или телевизиски програмски сервиси независно од техничките средства за пренесување, наменети за прием од страна на јавноста**.
- Според Законот за електронски комуникации (ЗЕК), „Јавна електронска комуникациска мрежа" е електронска комуникациска мрежа која целосно или поголемиот дел од неа се користи за обезбедување на електронски комуникациски услуги достапни на јавноста и кои го поддржуваат преносот на информации меѓу мрежни завршни точки;, што го опфаќа интернетот како платформа.

Следствено, нема правна основа ЗАМП да тврди дека програмите што се емитуваат преку интернет или сателит не се релевантни за пресметка на надоместоците.

Според член 18 од ЗААВМУ, Советот на АВМУ има надлежност:

- да го информира органот надлежен за авторските и сродните права кога се сомнева дека е ~~сторена повреда на истите.~~

Според член 25 од ЗААВМУ, АВМУ е должна да соработува и дава мислења со органи надлежни за авторските и сродните права, како што е Министерството за култура.

Дополнително, член 6 од ЗААВМУ го обврзува АВМУ да преземе мерки кога е сторена повреда на прописите, како и да се грижи за заштита на интересите на граѓаните, во кои спаѓаат и авторите кои се директно оштетени од ваквата постапка на ЗАМП.

Со ова БАРАЊЕ, ве молиме и повикуваме да:

1. Донесете заклучок со кој ќе информирате и побарате надзорна постапка од Министерството за култура поради сомнение за повреда на авторските права од страна на ЗАМП;
2. Донесете мислење со кое ќе укажете дека ЗАМП е должен да врши распределба на надоместоците и за програмите на Радио Македонија емитувани преку интернет и сателит, согласно ЗАПСП и дефинициите од ЗААВМУ, ЗЕК и Законот за радиодифузна дејност;

Ова Барање го поднесуваме во интерес на заштита на авторските права, и правична распределба.

Одговорот и мислењето молиме да ни ги доставите на: emonove@yahoo.com

Скопје, 18.07.2025

Подносители:

Scanned by TapScanner